| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Патот на Четирите годишни времиња |
| **Содржина на денот** | Превиткуваме и декорираме |
| **Возраст** | 3 – 4 години |
| **Воспитувач** | Александра Дедес Трајковски |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Усвојување на здрави и безбедни навики при користење на ликовни материјали.<br>Поттикнување на детето за правилно миење на рацете по извршување на секоја активност. |
| **Активности** | Во пресрет на празниците кои ќе ни претстојат и целокупното новогодишно расположение на детето може да му понудите интересна активност која ќе го задржи неговото внимание, детето може да го подготвите и научите како се превиткува и декорира плик.<br>Денешната активност со детето може да ја започнете со разговор низ кој со детето ќе поразговарате на тема „Како патуваат писмата и подароците кои ги очекуваме за Нова Година“.<br>Тоа за детето ќе биде поттик самостојно да изработи плик ,во него по избор да нацрта цртеж или желба и да го адресира по негов избор.<br>За оваа активност ќе ви биде потребно хартија во боја, лепило ,боички, ножички и декоративни монистри. Најпрвин Вие може да му демонстрирате на детето превиткување плик, а потоа да го оставите детето самостојно да се обиде да изработи плик ,се разбира доколку побара помош од Вас ќе му помогнете.<br>Во прилог се дадени фотографии каде ќе може да ја погледнете постапката за превиткување на плик.<br>Уживајте и забавувајте се со Вашето дете и изработете онолку пликоа колку што Вашето дете ќе покаже интерес. |